# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

27 јуни 2007 | Излегува по потреба | Година II | број 4



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 21.06.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2794/1**
**од 27.6.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 15, став 1, точка 4, и член 18 од Законот на Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04), член 3 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.45/97, 23/99 и 45/02) и член 3, став 3, член 9, став 2 и член 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03,49/06 и 22/07), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на 21.06.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за основање на јавно комунално претпријатие на Општина ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за основање јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба бр.07-843/2 од 28.02.2007 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/07), членот 2 се менува и гласи:

"Називот на Јавното комунално претпријатие гласи: "Јавно комунално претрпријатие ГАЗИ БАБА -2007 -Скопје".

**Член 2**

Во членот 3, ред 1, по зборовите: "ГАЗИ БАБА", се додава бројката: "-2007".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-2376/3**
**од 21.06.2007 год.**
**С к о п ј е -**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок "СКОПСКИ САЕМ" -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Детален урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок "СКОПСКИ САЕМ" -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 21.06.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2794/2**
**од 27.6.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05), Советот на Општината Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на 21.06.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Детален урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок "СКОПСКИ САЕМ"-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок "СКОПСКИ САЕМ" -Скопје.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 23,34 ха со следните граници:

**- од Север:** оска на Бул."Александар Македонски"
**- од Исток:** оска на ул."16-та Македонска Бригада" до пресекот со оска на ул."Романија" продолжува на северната и западната граница на КП 1246 (Противпожарна бригада -Скопје) до пресекот со оската на постојната железничка пруга Скопје-Куманово.
**- од Југ:** оска на постојната железничка пруга Скопје-Куманово, до пресекот на постојниот влез во комплексот "Скопски Саем", продолжува на запад по оска на Булевар "Гоце Делчев".
**- од Запад:** оска на улица "Беласица"

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со Т.бр.1493/06 изготвен од АД за урбанизам, архитектура и инжинеринг "ЗУАС"-Скопје содржи:

2.-ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

1. ВОВЕД
2. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. СОСТОЈБА НА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ
   4.1. Местоположба и сообраќајна поврзаност
   4.2. Природни карактеристики
5. СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ
   5.1. Анализа на состојбата на просторот и намена на површините
   5.2. Градежен фонд

5.3. Комерцијални и деловни содржини
5.4. Времено домување
5.5. Лесна незагадувачка индустрија
5.6. Постојна инфраструктура
5.6.1.Постојна улична мрежа
5.6.2. Хидротехничка инфраструктура
5.6.3. Електро-енергетика
5.6.4. Телефонска мрежа
5.7. Нумерички показатели
6. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
6.1. Заклучоци од анализата на постојната состојба
6.2. Можности за просторен развој
**7. ПОПИСНИ ЛИСТИ**

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

**Извод од ДУП**
**- планиран развој 2003-2008 год. .................................. 1 : 1000**
**Постојна состојба............................................................ 1 : 1000**
**Постојна инфраструктура.............................................. 1 : 1000**

**II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
**1. ВОВЕД**
**2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**3. ИЗВОД ОД ГУП**
**4. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**
**5. ПОДЕЛБА И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**
**6. КЛАСА НА НАМЕНИ НА ПОВРШИНИ И ГРАДБИ**
**6.1. Времено домување**
**6.2. Комерцијални и деловни содржини**
**6.3. Производство, дистрибуција и сервиси**
**6.4. Зеленило и рекреација**
**7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**7.1. Нумерички показатели по намена**
**7.2. Нумерички показатели по блокови и градежни парцели**
**8. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**9. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА**
**9.1. Нивелманско решение**
**9.2. Сообраќај**
**10.КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**
**10.1. Хидротехничка инфраструктура**
**10.2. Електро-енергетика**
**10.3. Телефонска мрежа**
**10.4. Гасоводна мрежа за земен гас**
**11. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**
**12. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**
**12.1. Општи услови за изградба**
**12.2. Посебни услови за изградба**

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

**1. Извод од ГУП 2002 -Скопје........................................................ 1 : 5000**
**2. Синтезен приказ ...................................................................... 1 : 1000**
**- план на намена на земјиштето и градбите**
**- регулационен план**
**- план на површини за градење**
**3. Сообраќајно решение................................................................ 1 : 1000**
**4. Сообраќајно решение**
**- подземно паркирање.............................................................. 1 : 1000**
**5. Нивелмански план..................................................................... 1 : 1000**
**6. Инфраструктурен план ............................................................. 1 : 1000**

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени се според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2376/4**
**од 21.06.2007 година**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за Маџари-Хиподром -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за Маџари-Хиподром -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 21.06.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2794/3**
**од 27.6.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5.02), а во врска со член, 22, став 1, член 24, став 1 и 2 и член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на 21.06.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром" -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром"-Скопје.

Одлуката за утврдување на Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром" ги почитува определбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацртот на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром", е со површина од 35,93 ха и е во рамките на следните граници:

- **Од Север:** Осовина на автопатот Е-75
- **Од Исток:** Осовина на ул."Пролетна Офанзива"
- **Од Југ:** Осовина на ул."1"
- **Од Запад:** Западната граница на пешачка патека до новопланирана улица ја заобиколува и продолжува кон север до западна граница на КП 2152 ја сече новопроектираната улица и продолжува на север до КП 1977, ја сече новопроектираната улица, врти по осовината на истата и продолжува по граница на КП 202,на исток ја заобиколува КП 1979 до осовината на автокопатот.

**Член 3**

Нацртот на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром" -Скопје, со Тех.бр. 2057/02 изготвен од АД "за урбанизам, проектирање и инжињеринг -ЗУМ" - Скопје, содржи:

**I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел:**

**ВОВЕД**

**1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА**
**2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**3. ИЗВОД ОД ГУП -СКОПЈЕ 2002**
**4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ**
**5. ПОДАТОЦИ ОД СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**6. ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА**

**И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**
**7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**

**Графички прилози:**

**1. ИЗВОД ОД ГУП-СКОПЈЕ (2002 год.).**
**2. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ**

**II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**- Планиран развој 2006 -2011 год.-**

**Текстуален дел:**

**ВОВЕД**
**1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО И ПЛАНСКИ ПЕРИОД**
**2. МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**3. ИЗВОД ОД ГУП**
**4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**
**6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА, НАМЕНА, ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**
**7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**8. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**9. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**10.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**11.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**
**12. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА**

**Графички прилози:**

| | |
|---|---|
| **1. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ** | **1 : 1000** |
| **2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН** | **1 : 1000** |
| **3. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА** | **1 : 1000** |

## Член 4

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе организира јавна презентација и јавна анкета на овој Нацрт на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром" со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

## Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-2376/6**
**од 21.06.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

# СОДРЖИНА

1. ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за основање на јавно комунално претпријатие на Општина ГАЗИ БАБА . . . . . . . . . . 2

2. ОДЛУКА за изменување и дополнување на Детален урбанистички план на дел од Источна индустриска зона Блок „СКОПСКИ САЕМ“ - Скопје . . . . . . . . . . 4

3. ОДЛУКА за утврдување Нацрт на Деталниот урбанистички план за „Маџари-Хиподром“ - Скопје . . . . . . . . . . 8

"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk